# ИНИЦИЈАТИВА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПРВАТА ИНСТИТУЦИЈА НА ЈАВНО – ЦИВИЛНО ПАРТНЕРСТВО

(ЈАВНА РАСПРАВА И
ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МОДЕЛОТ
ЗА ПРВАТА ХИБРИДНА ИНСТИТУЦИЈА)

ЈАДРО
Асоцијација на независната културна сцена

# ИНИЦИЈАТИВА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПРВАТА ИНСТИТУЦИЈА НА ЈАВНО – ЦИВИЛНО ПАРТНЕРСТВО

## (ЈАВНА РАСПРАВА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МОДЕЛОТ ЗА ПРВАТА ХИБРИДНА ИНСТИТУЦИЈА)

09.03.2015

Иницијатор и организатор: ЈАДРО Асоцијација на независната културна сцена

## „Иницијатива за првата институција на јавно – цивилно партнерство“ – јавна расправа

**Иницијатор и организатор:**
ЈАДРО – Асоцијација на независната културна сцена

**Тим кој ја изработи студијата за јавната расправа:**
Искра Гешоска, претседател на ЈАДРО – Асоцијација на независната културна сцена

Билјана Тануровска Ќулавковски, член на управен одбор на ЈАДРО – Асоцијација на независната културна сцена

Христина Иваноска Чаловска, претседател на управен одбор на ЈАДРО – Асоцијација на независната културна сцена

Ивана Драгшиќ, член на управен одбор на ЈАДРО – Асоцијација на независната културна сцена

Јане Чаловски, потпретседател на ЈАДРО – Асоцијација на независната културна сцена

Филип Јовановски, член на управен одбор на ЈАДРО – Асоцијација на независната културна сцена

**Експертски консултанти:**
Теодор Целакоски, МаМа, Загреб, Р. Хрватска

Емина Вишниќ, директор на ПОГОН, Загреб, Р. Хрватска

Мирослав Трајановски, адвокат, правна поддршка

ЈАДРО – Асоцијација на независен културен сцена
http://jadroasocijacija.org.mk/

**претседател:** Искра Гешоска

**потрпретседатели:** Рамадан Рамадани, Јане Чаловски

**управен одбор:**
Христина Иваноска Чаловска – претседател
Биљана Тануровска Ќулавковски
Ивана Драгшиќ
Маја Ангеловска
Елена Велјановска
Филип Јовановски
Никола Писарев

**Надзорен одбор:**
Виолета Качакова
Анита Ивковиќ
Русе Арсов

Поддржано од Фондација Институт отворено општество - Македонија

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

ЈАДРО – Асоцијација на независната културна сцена е непрофитна, инклузивна, партиципативна и застапувачка платформа која се стреми да го зајакне независниот културен сектор и неговото влијание врз креирањето и практикувањето на културните политики, со цел да ги поттикне процесите на демократицација во културата и пошироко, во општеството и во граѓанскиот сектор.

Главните активности на оваа платформа, во која се здружуваат организации, поединци и неформални групи, се насочени кон обезбедување поширока видливост и општествена релевантност на независниот културен сектор преку континуирана застапеност на програмски активности, застапување за стабилен развој на секторот, јакнење на неговото влијание во социо-културниот контекст, развој на алтернативни културни практики на национално, локално и регионално рамниште.

ЈАДРО има за цел да прерасне во про-активен учесник во социо-културните процеси и ќе придонесе за поширокaта развојна динамика на демократизација на општеството и на јавната сфера. Преку платформата ќе се стимулира култура како постојан процес на динамични, хетерогени идеи, идентитети и формати на уметничко изразување.

Наша задача е да бидеме будни и јасно и смело да се обидуваме да укажеме на нужноста од критичко промислување на социо-културниот контекст и на нужноста за демонополизација на културата и уметноста чија судбина зависи од мал број луѓе кои

ја поседуваат моќта на одлучување. Конструктивно ќе укажуваме на недостатоците и на можните решенија и модели за подобрување на ретроградните читања на културата и борба за достоинствен, праведен и солидарен простор на дејствување на независниот културен сектор во Македонија.

ЈАДРО се залага за воспоставување на критички и конструктивен дијалог во однос на имплементацијата на прогресивните, инклузивни и демократски политики и практики во културата и во рамките на граѓанскиот сектор и пошироко.

Културните работници здружени во ЈАДРО се застапуваат за имплементација на современи културни практики и редефинирање на постоечките културни политики кои се ексклузивни и ретроградни во однос на независниот културен сектор.

Сакаме да го видиме во скорешна иднина независниот културен сектор во Македонија како одржлив, видлив и влијателен општествен и политички фактор, кој проактивно учествува во социо-културните процеси.

## Главни цели

- Да се постигне внатрешна кохезија на независниот културен сектор и да се обезбеди форум преку кој ќе се артикулираат неговите позиции, потреби и потенцијали;
- Да се придонесе на процесите за демократизација на јавната сфера и да се започне дијалог со релевантните институции и со поширокиот граѓански сектор;

- Да се зајакне видливоста и влијанието на независниот културен сектор во Македонија преку поширока промоција на локално, национално и регионално рамниште.

## Специфични цели

- Да се воспостави структура за постојано вклучување на нови членови со што ќе се обезбеди децентрализација на членството;
- Да се зајакнат капацитетите на новите членови преку размена на знаења и искуство;
- Да се стекнат и подобрат знаењата за застапување и лобирање на членовите на мрежата и да се создаде стратегија за понатамошниот процес на застапување и лобирање;
- Да се воспостави интерсекторска соработка со институциите и во поширокиот општествен контекст;
- Да се направи истражување и анализа на постоечките регионални културни политики и да се создаде модел кој ќе биде апликативен на национално рамниште;
- Да се лобира за вклучување на ЈАДРО во процесите на одлучување на национално и локално ниво, нудејќи нови модели и практики на соработка, партнерство;
- Да се подобри видливоста преку активна и континуирана присутност во јавноста;
- Да се развијат капацитетите на мрежата кои ќе обезбедат стабилна регионална соработка.

прво ниво на интерес

- застапување за транспарентност и реформулирање во конкурсите на Министерството за култура, како и во целиот процес на донесување одлуки;
- застапување на учество на претставници на независниот културен сектор во процесите на одлучување ;
- застапување за формирање на посебна буџетска линија, посебен фонд во рамки на Министерството за култура за независниот културен сектор, со кој ќе се направи дистинкција помеѓу трансформираните институции од претходниот систем во ЗГ и независниот културен сектор: повеќегодишна поддршка, фондови за регионална соработка и мобилност;
- планирање, мапирање и застапување на нови формати на хибридни институции/ застапување за простор за независниот културен сектор.
- второ ниво на интерес
- воспоставување контакти и соработка со поширокиот цивилен сектор;
- дефинирање и промовирање на улогата на независниот културен сектор во рамки на поширокиот културен сектор;
- позиционирање во рамки на јавните институции;
- процес на застапување за тактичко интерсекторско дејствување.

# СОДРЖИНА

9 Збор два за однапред – резиме на иницијативата и на моделот

11 Расправи за културата – општи нагласоци за состојбите во културата

13 Поглед кон сегашноста – што е независниот културен сектор

18 На патот кон градење на нов мдел на установа

19 Што е тоа што е иновативно во организациската структура

22 Каков простор е потребен

33 Оновен преглед на уредување и управување на установата

# ЗБОР ДВА ЗА ОДНАПРЕД -

*Резиме*

Зборот култура, етимолошки, подразбира негување. А негувањето подразбира не само чување туку и развивање, макотрпно зреење и надградување однатре, на план на содржина, формати и модели на дејствување. **Еден од клучните знаци дека културата почнала да трасира некои поинакви дискурзивни и дејствени практики е нејзината децентрализација. Но, децентрализација на моќта за одлучување, пред сè. Токму тоа е онаа најважната мисија на независниот културен сектор – да ја демонополизира распределбата на моќ во сферата на социо-културниот контекст.** Културата е сложена општествена практика која се бави со естетските, уметничките и политичките артикулации на секојдневието и на историјата.

**Затоа,** ЈАДРО – **Асоцијација на независната културна сцена, покренува иницијатива за формирање на мешовита установа, хибридна институција која ќе биде првиот пример за јавно-цивилно партнерство.**

Со оваа иницијатива би сакале да ги редефинираме економските, политичките, културните и останатите потреби на секторот но и функциите и структурите инхерентни на промената на политичкиот дискурс, кој гарантира поголем демократски капитал.

**Имаме потреба од место, фокус каде што слободно ќе се изразува урбаниот живот, современите социо-културни практики, простор кој ќе создава автономни, само-организирани содржини, содржини кои ќе го артикулираат нашиот урбан, интелектуален, критички и творечки капитал. Институција која ќе покаже стабилна, автономна константа на развиток.**

Физичкиот простор во материјалната структура на градот секогаш претставува важна но и невралгична точка на секое културно и уметничко настојување. Тој има и исклучително битна улога на симболичко рамниште, односно во производството и комуницирањето на значењата кои циркулираат во динамичната промена на општествените и политичките текови.

**Новиот модел на институцијата кој го пределагаме е од значење за културниот развој, но и за образованието, развојот на критичката култура и новите облици на создавање социо-културни заедници. Ваквиот вид на установи на нов начин му пристапуваат ваквиот вид установи просторот и на начинот на неговото користење, неговото програмирање (разноликост, инклузивност, а не единственост, униформност и ексклузивност), и, пред сè, тие промовираат нов модел на управување, кој подразбира соработка, заедништво, јавна одговорност, а кој води кон предзнакот на демократски управувачки модел.**

Овој модел е втемелен на партнерство помеѓу локалната власт и граѓанската мрежа, составена од организации, поединци и неформални групи. **Со ваквиот модел настанува суштинска децентрализација на моќта и обезмоќување на досегашните практики**

**на партиски влијанија. Тоа е единственот пат кон создавање на организациска и програмска автономија во дејствувањето во сферата на културата во рамки на граѓанскиот секотор но и пошироко.**

Низ ваквиот сектор е обезбедена основната ресурсна и институционална стабилност, но и партиципација во управувањето. Овој модел овозможува долготрајна одржливост, к**оја е резултат на јавната инфраструктурна поддршка од една страна и независното програмирање и партиципативното носење одлуки од друга страна.**

## РАСПРАВИ ЗА КУЛТУРАТА - *Општи нагласоци*

Расправите за состојбата на културата и за причините и аргументите општествата и заедницата да инвестираат во културниот развој се водат непрекинато во цела Европа. Во последните години како доминантна идеолошка позиција е наметната онаа која културата ја согледува во една поедноставена, редуцирана економска визура. Ваквото, во економска смисла, инструментализирано согледување на културата, произлегува од тоа дека јавните политики, за да ги сметаме за рационални, мора да бидат креирани според објективни и рационални критериуми. Но едно е сигурно – иако рационалноста во носењето политики и политички одлуки не треба да биде доведена во прашање, сепак, искуството покажува дека јавните политики втемелени на т.н. чисти докази не се секогаш рационални.

Прво, се претпоставува дека идејата за тоа какво општество сакаме е однапред одредена, односно дека неолибералната идеја за општеството е нешто што се подразбира – она што е здраворазумско и без простор за преиспитување.

Второ, бидејќи „докази“ за таквата универзална рационалност не можат да се најдат во сферата на афективното и естетското, кои не се само битни за културата туку и за општетсвениот развиток во поширока смисла, тие се бараат во економската сфера. Така, сосема некритички, одреден сет на критериуми, кои можеби се релевантни за одреден тип на труд/работа и производство се пренесуваат во други полиња, какви што се културата, образованието, производството на знаење и слично. Политиките главно се креираат врз основа на квантитативните показатели, кои се чинат објективни и рационални, но кои не говорат многу за темелните прашања што се однесуваат на полето на културата. Ваквите бројки и податоци можеби говорат, но тоа нешто е многу малку во однос на она што го носат со себе уметничките и пошироките културни и општетсвени прашања.

Кога говориме за одржливоста на организациите кои дејствуваат во сферата на уметноста и културата, можеме да заклучиме дека таа може да се гради на три начини: со пазарна одржливост, со потпирање на приватни донации или со поддршка од јавните средства. Во нашето општество каде што речиси не постојат ниту индивидуална ниту корпоративна филантропија, ако говориме за културата и уметноста како јавни добра, ако сакаме да поттикнуваме критикчка култура и нови уметнички практики, а не да ги препуштаме на комодификација која е нужна за последиците на пазарните принципи, тогаш тука е клучна улогата на

јавните власти. Логиката е едноставна – доколку некоја програма или некоја организација со своето дејствување одговара на она што се нарекува „јавна потреба во културата“, тогаш таквото дејствување мора да може адекватно да се поддржи, без оглед на тоа дали се работи за институции кои се основани од властите на локално или централно ниво, или се работи за независни-граѓански организации и иницијативи.

## ПОГЛЕД КОН СЕГАШНОСТА

Доколку го согледаме поширокиот општествен контекст во речиси сите транзициски земји, во кои е доминантен ретро-националистичкиот концепт и во коишто полето на културата е обележано, главно, со политичко-патриотскиот дискурс, ќе согледаме дека во културното поле доминираат јавните институции во културата (тетатри, музеи...), во кои се насочени речиси сите јавни финансиски влогови. Оправданоста на таквите вложувања во јавните институции не само што не се преиспитува туку и се подразбира. Едновремено, овие институции според својата формално-правна структура се контролирани од властите – не само што се финансиски зависни, што само по себе и не е толку проблематично, туку нивните управни тела директно се именуваат од власта, а со тоа се воспоставува контрола врз организациската, управувачката, па, следствено, и програмската структура. Ваквиот систем и ваквите практики резултираат во некритичко дејствување и клиентелистички односи, кои културата ја затвораат во самата себе. Таа, на овој начин, се одрекува од

општествената одговорност, а со тоа и од општественото влијание.

**Токму заради тоа, системските прашања за управување со јавните институции во културата, новите модели и начини на управување (хибридните модели на јавно-цивилно партнерство) мораат да бидат поставени како темелно прашање на културните политики. Со тоа, еднакво важно е да се поставуваат прашањата за соработка на сите рамништа (локално, национално, регионално, меѓународно) помеѓу културните и другите општествени дејности, како и прашањето за интерсекторската соработка, особено во рамките на јавниот и непрофитниот, односно, граѓанскиот сектор. Со ваквата позиција инсистираме на тоа културата да не се третира изолирано од останатите општествени страти.**

Независниот културен сектор не е ентитет кој се поседува и кој е скаменет. Тој е оној општествен седимент кој постои како мрежа, како пајажина која ризоматски се шири низ разни релации во општеството, во политичкото, во еснафот, пријателски навлегувајќи во солидарна акција со другите еснафи. Независниот културен сектор укажува на нужноста од епистемолошки анархизам, од отвореност, која значи бришење на границите помеѓу секоја бинарна опозиција, и исцртување на маргините на некои поинакви модели на дејствување, кои подразбираат голем влог, храброст и будност. Една од најважните траги кои ги исцртува независниот културен сектор, е отворањето на поинкави хоризонти во однос на читањето, на културата.

Разликата на оној дел од граѓанскиот сектор кој дејствува во културата, а се нарекува независен културен сектор, е во едно специфично поле на политичко, теориско,

уметничко и активистичко дејствување, кое го опфаќа поширокиот социо-културен контекст стремејќи се кон негова демонополизација и деелитизација. Тоа може различковно да се одреди преку јасно специфицирани критериуми поделени во два сегмента: на организациско ниво и на содржинско ниво. Станува збор за интердисциплинарен начин на дејствување и организирање на своите активности и содржините, кои се главно хибридни и кои се артикулираат во јавниот простор градејќи нови патишта во културните практики.

Во сферата на независениот културен сектор дејствуваат оние непрофитни организации од граѓанскиот сектор кај кои се препознава ново критичко, развојно и динамично дејствување и кои се двигатели во динамизирањето на целото културно производство, со голем акцент врз развојните процеси на културните политики. Независниот културен сектор е препознаен како простор за нови модели на културната продукција и интерсекторската соработка.

Се одликува со организациона динамичност и флексибилност, а пред сè, со директен ангажман и дејствување во заедницата, како и со поширокото сфаќање на просторот и поимот на културата. Карактеристично е едновременото дејствување во сите сегменти на соцо-културниот контекст, во најразлични сфери на културата и културните политики и взаемно креативно поврзување при што е исклучително присутна и доминантна карактеристиката за поширока општествена свесност и ориентираност кон градење нови, современи политики во различните сегменти на културата, уметноста и општеството, и на теориско

**и на активистичко рамниште. Оттаму, независниот културен сектор се препознава како мобилизаторско општествено и политичко** ЈАДРО **кое се разликува од специјалистички ориентираните здружренија на граѓани.**

Карактеристично за независниот културен на содржинско рамниште е интегрирањето на современата уметност во сите дејности, популарната култура, современата теорија, новите медиуми и технологии на содржинско и на организационо рамниште, специфичните форми на едукација за дејствување во социо-културниот контекст, промовирање на модели на дијалошки, критички и развојни современи културни политики, и постојано следење и спроведување на современите тенденции и дебати во културата и уметноста поврзано со новите општествени теории, како и со новите теории за поимот култура. Независниот културен сектор е оној продуктивен културен погон кој на рамноправен начин ја одржува интерференцијата, **соработката помеѓу јавниот сектор и граѓанскиот сектор**. И уште една исклучително важна улога на независниот културен сектор е преговарањето низ различни модели и формати (продукциски, теориски, активистички) со властите поврзани со културно-уметничкото дејствување но и со поширокото општествено дејствување. Токму затоа е од исклучително значење Независниот културен сектор, од аспект на современите културни политики да се третира како засебно поле, засебен сегмент.

# РАЗРЕШЕНИ ДИЛЕМИ – ШТО Е НЕЗАВИСЕН КУЛТУРЕН СЕКТОР

Независен сектор во култура:

а| иницијативи засновани на нови демократски модели на управување, кои се генерирани однатре или одоздола-нагоре, како идеја на одредена заедница, која генерички дели заеднички потреби и цели, што не се наметнати од надворешна структура која доаѓа од централните или локалните власти или од други управувачки структури.

б| иницијативи со свој систем на управување и одлучување, свои програмски, организациски и управувачки структури и принципи, назависни од кое било надворешно влијание или структура

в| не зависи од никого освен од својата одлука за финансиските и програмските планови и реализации

г| е против-тежа на институционалната сфера, и независно и критички го промислува социо-културниот контекст и развива нови програмски содржини и активности во полето на современата култура и уметност

# НА ПАТОТ КОН ГРАДЕЊЕ НА НОВ МОДЕЛ НА УСТАНОВА

Она што се чини како исчекор во политичкото дејствување, и како пионерски политички зафат во однос на јавното добро и во однос на културните политики, е создавањето на своевидни културно-општествени центри, кои суштински ќе се разликуваат од досегашните, традиционални простори и установи на културата. Ваквите центри нужно мораат да бидат потпрени врз моделот на јавно-цивилно/граѓанско партнерство – модел кој сè уште кај нас не е спроведен, ниту во сферата на културата ниту во останатите општествени сфери и дејности.

**Токму затоа,** ЈАДРО **– Асоцијација на независната културна сцена, го предлага и образложува ваквиот модел на хибридна иснтитуција, кој ќе придонесе кон потврда на современите културни практики од регионот и од Европа, а со кој ќе се промовираат принципите на демократизација во социо-културниот контекст.**

Европските и регионалните искуства покажуваат исклучителен успех во содржинскиот но и во управувачкиот концепт на ваквиот модел на хибридни институции. Накусо, еве што е карактеристично за ваквите институции:

- децентрализиран модел на управување и одлучување,
- вклучување на професионалниот сектор во градење на политиките на инситутциите
- овозможување на програмско учество на заедницата

- програмата на ваквите институции се создава врз основа на соработка, експертска консултации со голем број поединци и организации и е резултатна интеракција помеѓу неколку заинтересирани страни, перспективи и креативни конфликти,
- со нив се управува на начин кој е прилагоден на принципите на соработка,
- нивните простори се инфраструктура подложна на промените според намената и потребите на корисниците,
- тие се отворени за нови интерпретации и социо-културни процеси,
- се застапуваат за интерсекторско и интерлокално поврзување

**Со еден збор, станува збор за простори на заедницата кои произведуваат општествено добро низ директна демократија. Доколку сакаме да излеземе од вообичаената реторика, ќе си дозволиме да кажеме дека ваквите хибридни институции на јавно-цивилно партнерство се „куќи на културата кои имаа длабоко општествено и политичко влијание во демократските процеси.“**

# ШТО Е ТОА ШТО Е ИНОВАТИВНО ВО ОРГАНИЗАЦИСКАТА СТРУКТУРА

Станува збор за демократизација на управување со ресурсите во културата која почива врз принципите на **ко-управување, споделување на одговорност**

**и ко-сопственииштво**. Тоа подразбира потпирање на ресурсите од јавниот домен заради развој на граѓанското општество, при што ресурсите остануваат во јавниот домен но не се контролирани од властите. **Во управувањето учествуваат оние кои произведуваат. Продукцијата и одлучувањето за програмите е кај оние кои ги произведуваат истите (организациите, уметниците, поединците, културните работници), а просторот и делумно средствата (оние кои се однесуваат на осноната управувачка структура), се кај оние кои управуваат со јавните ресурси.**

Со ваквиот модел на институција ќе направиме суштински исчекор во културниот и политичкиот систем. Сите знаеме дека јавниот сектор запаѓа во една вододелница на тромавост, неподвижност, со затворена перспектива за следење на новите практики во управувањето и програмирањето. Тоа е така бидејќи **јавниот сектор е под контрола на еден единствевн основач, што, всушност, значи дека е под контрола на власта. Затоа инсистираме на партнерство помеѓу локалната самоуправа и ЈАДРО, односно организациите и поединците на граѓанскиот сектор.**

Важно е да се истакне дека организациите на граѓанскиот сектор со себе носат карактеристики какви што се динамичност, способност за брзо реагирање, програмска иновативност, разноликост на програмите, вклученост во меѓународните културни и уметнички текови, интердисциплинарност и интерсекторска соработка.

Програмата не е дефинирана исклучиво според естетски критериуми туку и според општетсвено релевантни теми и затоа не е омеѓена со цврсто програмирање. Програмските граници се посветени на мисијата на организацијата. Програмирањето е инклузивно а не

ексклузивно. Содржините се мултидсициплинарни и интердисциплинарни.

Што претставува новата институција:

- јавно- цивилно партнерство со што ќе се обединат локалните и националните иницијативи
- сервис на организациите од независната културна сцена со што ќе се поддржи нивната продукциска и репрезентативна дејност
- институцијата развива проектна и продукциска дејност - заеднички културни активности и поттикнува културна размена,
- институцијата ќе биде поддршка за развојот на сцената, вклучувајќи ги организациите, неформалните групи и иницијативи, како и поединците кои не дејствуваат во сферата на културата, младите, поширокиот граѓански сектор и граѓаните.

За кого е:

Членките на ЈАДРО, другите организации, неформалните групи, поединците и малите претпријатија ќе ги користат услугите на институцијата преку разработени протоколи и преку критериумите на програмскиот совет.

Приоритетни дејности на дејствување:

1. Современа култура и уметност
2. Социо-културни активности
3. Работа со заедниците
4. Поттикнување критичка култура

Институцијата **не служи како сервис за:**

1. Организации со религиозна програма
2. Политички партии
3. И организации што шират расна, верска и родова дискриминација

# КАКОВ ПРОСТОР Е ПОТРЕБЕН

При планирање на физичкиот простор на новата институција на јавно-цивилно партнерство, разгледувани се реални објекти кои можеби би се адаптирале на потребите, но такви во општината која беше дел од нашето истражување, Општина Центар, не се детектирани. Затоа, планирањето се базира на потребите од нова институција, со новоизграден објект, конкретно за оваа намена. Ова е најисцрпната слика за потребите од простори соголени од значења или претходен контекст, и како таква е одлична подлога за понатамошна работа. Во најдобар случај, доколку постои реален физички простор кој може да се адаптира за потребите на ваква институција, овој елаборат ќе послужи како појдовна точка во прелиминарна проценка на просторот и повторно проектирање, врз база на она што веќе се има.

Физичкиот простор на Институцијата за која се застапуваме треба да ги отсликува нејзините вредности и цели. Преку воспоставување на функционален и пред сè заеднички простор за работа и прикажување на работата на Независната културна сцена, младинските и организации и дејците од други области на граѓанското општество.

Физичкиот простор на Институцијата е планиран/ програмиран и според потребите утврдени во досегашното искуство на работата на независната културна сцена, организациите од граѓанското општество и други актери, кои ќе бидат сервисирани преку оваа институција. Освен физичкото уредување и одржување на просторот, од исклучителна важност е воспоставувањето на систем на вредности и бирократија на работа, прецизни и неподложни на арбитрарно

толкување и политичко пресметување, а отворени за надоаѓачки и иноватинви подобрувања, во зависност од потребите. Системот треба да биде толку ефикасен, што основачите со потполна доверба управувањето со институцијата би го препуштиле на сосема нови субјекти или генерации.

Просториите во Институцијата служат за поддршка на нејзините вработени, но најмногу за актерите од независната културна сцена, граѓанското општество и сите други кои делуваат интердисциплинарно, а не можат да се пронајдат во ригидната категоризација на нашите јавни институции.

Така, во склоп на Институцијата, постојат:

1. административни простори,
2. простори достапни за корисниците на услугите на институцијата и
3. простори достапни на публиката/јавноста, за учество во или консумирање на содржините кои се создаваат.

Тие не се цврсто поделени според намена (некои простории може да припаѓаат во две групи, наместо само во една), но за сите важат прецизни и предвидени протоколи на користење. Подолу е пописот на сите потребни простории за почетно функционирање на Институцијата, со опис на потребната инфра-структура или ентериер, според намената на истите.

Начинот на уредување на просторите во кои се престојува подолго време, освен од научно утврдени начела, зависи и од искуството во просторот, па така, овие потреби можат да бидат проширени или редуцирани по употреба на просторот за кратко време. Ова е приказ на простори соголени од што било друго, освен од нивните основни намена и потреби.

# Дијаграм на функции кружно организирање



| | | |
|---|---|---|
| **1**<br>**1x**<br>администрација/<br>канцеларија за<br>тројца вработени | - 45m² (3 x 15m²) + 15m²<br>простор за состаноци<br>- стандарден канцелариски<br>ентериер<br>- 3 работни станици<br>(биро+стол+компјутер)<br>- станица за скенирање и<br>печатење, комуникациска<br>опрема<br>- маса и столови за состаноци<br>- дневна/природна светлина<br>- која е соодветна<br>канцелариска светлина?<br>- мини кујна (8m²)<br>- санитарен јазол (12m²)<br>Вкупно= 80m² | Корисници:<br>вработените |
| **2**<br>**2x**<br>резиденцијален<br>простор:<br>двовалентен<br>простор, со<br>намена за<br>студио/ателје<br>или канцеларија,<br>за петорица<br>корисници<br>1 за краткорочна<br>употреба: 1-8<br>недели<br>1 за долгорочна<br>употреба: 6-12<br>месеци<br>бесплатен | - 2x 100m²<br>- 5 работни станици (20m²)<br>(биро+стол+полици/работна<br>маса)<br>- плутени огласни табли<br>- ѕидна бела табла<br>- проектор<br>- заедничка работна<br>површина (маса или<br>покомотно седење)<br>- дневна/природна светлина<br>- соодветната светлина за<br>канцеларија | Корисници:<br>организации,<br>иницијативи,<br>колективи, групи,<br>индивидуалци со<br>потреба од простор<br>за студио работа<br>(архитектонска,<br>уметничка,<br>кураторска,<br>истражувачка),<br>изработка/<br>подготовка на<br>проект, изложба,<br>кореографија |

| | | |
|---|---|---|
| **3**<br>**1x**<br>резиденцијален простор: двовалентен простор, со намена за студио/ателје или канцеларија, за еден корисник, со партиципација | - 25m²<br>- комплетен канцелариски ентериер<br>- 1 работна станица<br>- дневна/природна светлина<br>- соодветно канцелариско осветлување<br>- станица за скенирање и печатење, комуникациска опрема<br>- маса за состаноци | Корисници: организации, иницијативи, колективи, групи, индивидуалци со потреба од простор за студио работа (архитектонска, уметничка, кураторска, истражувачка), изработка/подготовка на проекти, подготвени да добијат приоритет со партиципација во трошоците за овој простор |
| **4**<br>**1x** студио апартман | - 30m²<br>- стандарден двовалентен ентериер за неколку-неделен дневен и ноќен престој<br>- мини кујна<br>- мини тоалет+бања<br>- посебен пристап<br>- дневна/природна светлина<br>- стандардно домашно осветлување? | Корисници: корисниците на краткорочните резиденции или резиденцијата со партиципација |

| | | |
|---|---|---|
| **5**<br>**1x** магацин/ складишен простор | - $50m^2$<br>- бело светло<br>- стандарден магацински ентериер (полици, прегради)<br>- безбедносна врата<br>- вентилација<br>- 100 столици на расклопување<br>- бели табли<br>- проектор<br>- подвижно платно за проектирање<br>- подвижен звучен засилувач<br>- помал генератор | Корисници: вработените, корисниците на резиденцијалните простори, Институцијата |
| **6**<br>**1x** книжарница +библиотека Книжарница<br><br>Библиотека - подружница на библиотеките на Општина Центар, комплетно водена и управувана од Општината, со фонд на книги збогатен од независните издавачи | - $2x50m^2$<br>- стандарден ентериер за книжарница/библиотека (полици)<br>- каса<br>- приемен пулт за изнајмување/враќање книги<br>- простор за читање<br>- дневна/природна светлина | Корисници: читателска публика, вработените, жители на Општина Центар, студенти, пошироката јавност |
| **7**<br>**1x** кафетерија + менза | - 50m2<br>- стандарден ентериер за кафетерија (маси за колективни оброци + помал број помали маси + столови)<br>- стандарден ентериер за менза (ХАСАП и сл.)<br>- бело осветлување<br>- санитарни јазли | Корисници: вработените, корисниците на резиденцијалните простори, пошироката јавност, публика на дневните настани |

| | | |
|---|---|---|
| **8**<br>**1x** простор за концерти/настапи (клуб) | - 200m²<br>- сцена/диџеј пулт<br>- простор за подготовки (backstage)<br>- шанк и кујна (без подготвување храна)<br>- клупско/сценско осветлување<br>- гардероба за посетители<br>- санитарни јазли | Корисници: уметници од сите поединечни или интердисциплинарни области, редовна публика, поширока јавност |
| **9**<br>**1x** 100% галерија/сала за настапи<br>65% black box<br>35% white box | - 200m²<br>- 65% црна кутија<br>- монтажен под за танц<br>- монтажна сцена (практикабли)<br>- чиги<br>- бело осветлување<br>- лантерно осветлување<br>- простор за публика со/без столчиња<br>- простор за подготовки (backstage)<br>- control room (продукција, управување со опрема)<br>- инсталирано озвучување<br>- фиксиран проектор<br>- монтажно бело платно за проектирање<br>- 35% бела кутија<br>- бело светло<br>- санитарни јазли | Корисници: уметници од сите поединечни или интердисциплинарни области, редовна публика, поширока јавност |



1x резиденцијален простор: двовалентен простор, со намена за студио/ателје или канцеларија, за еден корисник, со партиципација
1x администрација/канцеларија за тројца вработени
1x магацин/складишен простор
1x студио апартман
1x простор за концерти/настапи (клуб)
2x резиденцијален простор: двовалентен простор, со намена за студио/ателје или канцеларија, за петорица корисници
1 за краткорочна употреба: 1-8 недели
1 за долгорочна употреба: 6-12 месеци
бесплатен
1x кафетерија + менза
1x книжарница +библиотека
Книжарница
Библиотека - подружница на библиотеките на Општина Центар, комплетно водена и управувана од Општината, со фонд на книги зб огатен од независните издавачи
1x 100% галерија/сала за настапи
65% black box
1
2
3
4
5
6
7
8
9
BLACK CUBE
WHITE CUBE

## Споредба на површини на новопредвидениот објект/институција со други препознатливи објети во Скопје

МОБИЛНА МОНТАЖНА ГАЛЕРИЈА
ВКУПНО ПОВРШИНА = **45 $m^2$**

НОВОПРЕДВИДЕН ОБЈЕКТ/ИНСТИТУЦИЈА (НОИ)
ВКУПНО ПОВРШИНА = **935 $m^2$ (ОКОЛУ 20 МОНТАЖНИ ГАЛЕРИИ)**

ГТЦ / ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР
ВКУПНО ПОВРШИНА= **62 000 $m^2$ (околу 66 НОИ)**

Програмирањето на просторот е правено според проценка на реалните потреби на независната културна сцена и граѓанското општество, но и според друг параметри. Имено, Институцијата има аспирација да вмрежува и спојува, па затоа се предвидуваат простори како книжара, библиотека, канцеларии за мобилно користење по потреба, менза и кафетерија. Со оглед на целите и мисијата, Институцијата ќе презентира современа уметност и култура од локални и регионални ко/продукции, па затоа најголем дел од просторот е отстапен на сцена (галерија, клуб) за современите форми и дисциплини на изведувачки и визуелни уметности.

Доколку управувањето со некои од просторите не влегува во описот на дејноста на Институцијата, важно е да се спомне и можноста за концесионирање на некои од нив. Имено, книжарницата би можела да биде управувана од некој од малите независни издавачи, а кафетеријата/мензата од сосема друг субјект. Овие односи, секако, ќе бидат утврдени според законските прописи во Република Македонија.

Конечно, во продолжение, се наведени примери на институции (и врски до нивните интернет страници) од Европската унија и САД, кои функционираат на сличен, проширен или редуциран начин. Заедничката карактеристика е што сите се институции од мешовит вид, т.е. институции настанати како јавно-цивилно или јавно-приватно партнерство.

- **PACT Zollverein**, Есен, Германија. Модел на културна институција во државата Северна Рајна-Вестфалиа, произлезена од регионалната културна политика, основана од самиот регион како политичка единица. Институцијата се финансира преку уникатно партнерство помеѓу:

регионалното Министерство за семејство, деца, младина, култура и спорт и Градот Есен, а успешно ги комбинира флексибилното финансирање базирано на проекти со институционални ресурси. Институцијата поттикнува единствена работна структура на национално ниво, која консолидира три клучни области на активности, адресирајќи ги регионалните, националните и интернационални социјални и културни интереси, кои придонесуваат за постоењето и поддршката на танцот и перформансот како независни уметнички форми. Повеќе: http://www.pact-zollverein.de/en/about-us

- **Flutgraben e.V.**, Берлин, Германија. Повеќе: http://www.kunstfabrik.org

- Pogon – Zagrebački centar za nezavisnu kulturu i mlade, Загреб, Хрватска. Јавна непрофитна установа од културата, втемелена на нов модел цивилно-јавно партнерство. Институцијата во 2008год. ја основаа, а со неа и заеднички управуваат иницијативата Операција Град (коалиција, мрежа за застапување за независна култура и млади) и Градот Загреб. Институцијата постои за да овозможи квалитетен сервис за продукција, презентација и афирмација на независни современи уметнички пракси, како и за активно учество на младите во културните и други активности во градот Загреб. Повеќе: http://www.upogoni.org/wp/o-centru/

- http://www.secondchanceproject.eu/wp/wp-content/uploads/2011/09/Trans_PPP_Concept_.pdf

# ОСНОВЕН ПРЕГЛЕД НА УРЕДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА УСТАНОВАТА

Новиот независен културен центар е хибридна институција, односно јавна непрофитна установа во културата, втемелена на новиот модел на јавно - цивилно партнерство, основана од локалната самоуправа и ЈАДРО - Асоцијација на независната културна сцена.

**Мисија на оваа установа е** да се обезбеди автономен сервис за продукција, афирмација и презентација на независните современи културно - уметнички практики, и активно учество на граѓанскиот сектор во креирање на социо-културен простор во урбаниот контекст. Установата ќе почива врз принципите на партнерство, соработка, инклузија, транспарентност и флексибилност во програмирањето, а ќе се стреми нејзинот работење да биде водено од принципите за еднаквост во пристапот.

Ваквиот модел овозможува долготрајна одржливост која е резултат на избаласиран однос помеѓу јавното финансирање и надзорот од една страна и независното содржинско програмирање и партиципативното носење одлуки од друга страна.

**Ко-основачките влогови се состојат од:**

**Локалната самоуправа (општина/град)** како кооснович има улога да обезбеди адекватни просторни услови и основни средства за темелно функицонирање на програмите, како и 100% од платите на вработените кои ќе се утврдат со именување на директорот и предложената програма. Општината има контрола над употребата на општинската сопственост и ја мониторира работата на установата.

ЈАДРО како кооснована, е одговорен да обезбеди учество на членките на ЈАДРО и останатите корисници (организации, неформални групи и поединци), односно партнерите на установата во продукцијата на програмата. На ваков начин ќе обезбеди финансиски средства од домашни и странски ресурси, со што ќе обезбеди одржливост на програмата. Сите организации кои сакаат да се вклучат во ЈАДРО, може да бидат дел од одлучувачкиот процес, но тоа не е основа за користење на ресурсите.

На овој начин осигурана е рамноправност помеѓу двајцата ко-основачи со целокупното управување, додека програмирањето е во надлежност на оние кои ги користат ресурсите, т.е. кои ги остваруваат програмите во центарот.

Две внатрешни тела на управување се Директорот и Програмскиот совет.

## 1 АНАЛИЗА НА ЗАКОНИТОСТА И ИЗВОДЛИВОСТА НА ДОДЕЛУВАЊЕТО НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНО ПРИВАТНОТО ПАРТНЕРСТВО (ПРАВНА РАМКА ЗА ЈАВНО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО/или ЈЦП)

Правната рамка за јавно-приватно партнерство содржана е во Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Сл. Весник на РМ„ бр 6/2012 и 144/2014) со кој се уредува доделувањето на концесија на добра од општ интерес и **договор за воспоставување на јавно приватно партнерство (ЈЦП)**, правната заштита за секое лице кое има или имало интерес за добивање на таков договор и кое ризикувало или ризикува да биде оштетено во постапката за доделување на таков договор, како и

други прашања во врска со концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Јавно цивилно партнерство (ЈЦП):

Основна карактеристика на оваа соработка е тоа што приватниот партнер ја презема обврската да обезбеди јавна услуга за крајните корисници во области од надлежност на јавниот партнер и/или обврската да обезбеди за јавниот партнер неопходни предуслови за давање на јавна услуга на крајните корисници и/или активности од негова надлежност.

Согласно Законот, сите договори за воспоставување на ЈЦП во кои јавните партнери (централната или локалната власт, јавните претпријатија, јавните установи и другите правни лица определени со Законот) доделуваат договори на приватните партнери **мора да бидат доделени** во согласност со начелата на транспарентност, недискриминација, пропорционалност, ефикасност, еднаков третман и меѓусебно признавање.

Како концеденти можат да се јават Република Македонија, општините и градот Скопје, додека како јавни партнери, покрај Република Македонија, општините и градот Скопје, можат да се јават покрај другите, и други правни лица кои согласно закон вршат јавни овластувања во делот на вршењето на јавните овластувања. (во овој случај здруженија на граѓани, асоцијации)

ЈЦП може да се реализира како:

1. договорно ЈЦП, за што јавниот и приватниот партнер склучуваат договор кој се имплемемнтира од страна на приватниот партнер или од правно лице основано од приватниот партнер.

2. Кај институционалното ЈЦП, јавниот и приватниот партнер, се јавуваат како сооснована на правно лице кое го имплементира ЈЦП договорот.

Вклучувањето на приватен партнер од цивилниот сектор од страна на локалната самоуправа во извршувањето на дејности од културата е можно доколку станува збор за културни дејности од јавен интерес од локално значење. ЈЦП моделот кој би се применил е **концесија за јавна услуга.** ЈЦП (концесијата) може да се реализира како институционално ЈЦП со основање на мешовита установа чии основачи ќе бидат општината и приватниот партнер (правно лице од цивилниот сектор) кое веќе е регистрирано за вршење на дејности од областа на културата.

## 2 МОДЕЛ НА УПРАВУВАЊЕ НА УСТАНОВА – ЈАВНО-ЦИВИЛНО ПАРТНЕРСТВО

Според законот за установи Органи на установата определени со член 41 се:

- **управен одбор**, односно нему по положба и функции соодветен орган на управување. органот на управување на установата го сочинуваат преставници на основачот и најмалку една третина од членовите - претставници на стручниот орган доколку со закон е пропишано да се формира таков орган во установата.

Органот на управување има најмалку три, а најмногу 15 члена.

Бројот, составот, начинот на избор на членовите, траењето на мандатот, надлежноста и начинот на одлучувањето на органот на управување се уредуваат со закон и статутот на установата.

**Органот на управување:**

*управува со установата,

*го донесува статутот на јавната установа,

*донесува и други акти на установата и го следи нивното извршување;

*го именува и разрешува директорот ако со закон не е поинаку определено;

*го утврдува финансискиот план и донесува завршна сметка;

*му предлага на основачот измена или проширување на дејноста;

*врши и други работи утврдени со закон, актот за основање и статутот на установата.

**По овој основ, ЈАДРО предлага управниот одбор на новата установа ЈЦП да го сочинуваат три претставници а се состојат од двајца претставници именувани од основачите и претставник од вработените во установата (според закон за култура, управен одбор на национални институции содржи претставник од вработените пр: член 35, неофицијален прочистен текст со внесени измени во март 2014 год: Во установа со помалку од десет вработени, во управниот одбор се именува еден член од вработените, еден од локалната самоуправа и три члена од редот на истакнати поединци од областа на културата.) Претставникот од вработените во установата го предлага стручниот совет, а го именуваат основачите.**

**Во периодот на основање на организацијата, во управниот одбор третиот член може да биде независно стручно лице, кое ќе биде заменето со претставник од вработените по формирањето на установата. Постапката ќе биде потврдена со донесување на статутот на установата.**

- **директор (еден или повеќе директори),**

Директорот (Член 48, закон за установи) може да го именува и разрешува органот на управување, ако со закон не е поинаку определено. Мандатот на директорот трае 4 години, ако со закон не е поинаку определено.

Директорот се именува врз основа на јавен конкурс на начин и постапка утврдени со закон. Предлог за именување на директор на установата може да дадат основачите и стручниот совет на установата.

Исто лице може повторно да биде именувано за директор.

Директорот го организира и раководи процесот на трудот, го води работењето на установата, самостојно донесува одлуки во рамките на своите надлежности, ја преставува и застапува установата спрема трети лица и е одговорен за законитоста на работата на установата.

Директорот ги предлага основите на програмата за работа и планот за развој и презема мерки за нивно спроведување, ги извршува одлуките на органот на управување, ја предлага организацијата на установата, ги избира и разрешува раководните работници, одлучува за распоредување на работниците на определени работи и задачи, поднесува извештај за резултатите од работењето на установата и врши други работи утврдени со закон и статутот на установата.

Директорот е задолжен за координација на сите финансиски ресурси, и обезбедување на ресурси потребни за развојната програма на установата, во функција на развој на независната културна и поширока граѓанска сцена. Директорот има улога програмски да ја остварува мисијата на оваа установа во координација со стручниот совет и советодавното тело на установата.

- **орган за внатрешна контрола (или орган за надзор)**

Органот за надзор има најмалку три, а најмногу пет члена кои ги именува односно разрешува основачот.

За членови на органот за надзор може да се именуваат лица кои немаат засновано работен однос во установата, имаат високо образование и поседуваат знаења и искуство особено од областа на дејноста што ја врши установата.

- **други органи утврдени со закон и статутот на установата.**

Стручен совет - Составот, начинот на формирањето и надлежноста на стручниот орган се утврдуваат со статутот на установата во согласност со закон.

ЈАДРО предлага да се именуваат пет члена на стручен совет, кои ќе бидат избрани од претставници од организациите на ЈАДРО и други претставници од граѓанскиот сектор, како и стручни лица во полето на културата. Стручниот совет или **Програмскиот совет** е стручно, советодавно тело составено од претставници на организациите на ЈАДРО кои ги предлагаат правилата и процедурите на користењето на ресурсите, програмската насоченост и долгорочните програмски планови. Исто така, ова тело има улога на коректор,

доколку постојат поплаки од страна на корисниците, во однос на координаторот на програмот или директорот.

Програмскиот совет има пет членови, а тие се бираат на мандат на две години.

Програмскиот совет го предлага директорот и советодавното тело, а го именува управниот одбор.

Програмскиот совет одредено со статут може да предлага директор на институцијата кој ќе го именува управниот одбор, а исто стручниот совет предлага член на управен одбор, претставник од вработените, а го именуваат основачите.

## Советодавно тело

Ова тело е именувано од директорот на институцијата и има за цел да го советува директорот на установата по одредени прашања во релација со политиката на уредување, програма и развојот на установата. Телото нема одлучувачка или управувачка функција.

Советодавното тело има мандат од две години, и се состои од стручни лица во одредени полиња (економија, култура, политички науки, комуникации итн.) кои ги одредува директорот(е) на установата. Бројот на членовите во советодавното тело се одредува по потреба, и работи волонтерски.

## МОДЕЛ/ Организациска структура



CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

061.2:316.723(497.7)

ИНИЦИЈАТИВА за формирање на првата институција на јавно-цивилно партнерство : (јавна расправа и презентација на моделот за првата хибридна институција) / тим кој ја изработи студијата за јавната расправа Искра Гешоска ... [и др.]. - Скопје : Јадро - Асоцијација на независната културна сцена, 2015. - 44 стр. ; 17 см

ISBN 978-608-65512-1-6

1. Гешоска, Искра [автор]
а) Невладини организации - Култура - Македонија
б) Културна
политика - Демократски процеси - Македонија
COBISS.MK-ID 98137866

ISBN
608-65512-1-9
978-608-65512-1-6
9786086551216

koma.mk

